ДС СМИТХ
-АД- Скопје
Бр. 03-4022
27.10. 2020 год.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА "ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ" ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – СЕПТЕМВРИ 2020 ГОДИНА

Во периодот од 01.01 до 30.09.2020 година ДС Смитх АД Скопје оствари позитивен финансиски резултат од 53.669 илјади денари.

Во трите квартали од тековнава година оствари вкупни оперативни приходи 566.133 илјади денари, кои во однос на 2019 се намалени за 9%. Друштвото по ревидирање на финансиските планови и прилагодување на новонастанатите услови за работење, предизвикани од здраствената светска криза, оствари зголемување на вкупните приходи за 8% споредбено со предходниот квартал. Исто така на крајот од третиот квартал за зголемување на приходите допринесе и раководењето и намалувањето на вредноста на залихите на готовиот производ и недовршеното производство.

Вкупните оперативни расходи изнесуваат 510.792 илјади денари, кои во однос на 2019 се намалени за 14%. Зголемувањето/намалувањето на оперативните расходите гледано по сегменти следи:

- Намалени трошоци на суровините и материјалите 25% споредбено со 2019 година. Намалувањето е резултат на остварена оптимизација од користење на поголема димензија на основна суровина-хартија, како и остварена пониска набавна цена на истата. Споредбено со останатите два квартали во тековната година природата на овие трошоци имаат тренд на континуирано намалување. Во третиот квартал споредбено со предходните квартали во 2020 година се намалени за 3%;
- Услугите со карактер на материјални трошоци се одржуваат на исто ниво од минатата година и покрај потешкотиите особено во транспорт на странските пазари;
- Поради состојбата со COVID – 19 Друштвото ги зголеми вредносните усогласување на средствата со нивно резервирање;
- Кумулативно друштвото оствари зголемени трошоци за вработените поради еднократните трошоци од затварањето на оператививните активности со отпадната хартија. Со изземање на истите, трошоците за вработените се на исто просечно месечно ниво како и минатата година;
- Зголемување на амортизација од 10% поради зголемување на вредноста на основните средства (инвестицијата од минатата година).

Во однос на претходната година ДС Смитх, АД Скопје нема промена во сметководствените политики и методите на вреднување на ставките во финансиските извештаи.

Друштвото споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи нема промени во кредитната задолженост.

ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ

Друштво за производство на хартија и ... ДС СМИТ -АД- Скопје

DS Smith – INTERNAL